ФЕВРУАРИ 2019



# Е-БИЛТЕН БРОЈ 22

ЦеПроСАРД

Почитувани колеги, соработници и читатели,

2018година ја завршивме задоволни со резултатите кои ги постигнавме во делот на руралниот развој, заштитата на животната средина преку спроведување на мерки за енергетска ефикасност и зачувување на биодиверзитетот. Во последниот квартал од 2018година активностите кои ги спроведовме беа во согласност со нашата визија и мисија и активно соработувавме со бизнис секторот, граѓанските организации и институциите.

i. Ги видовме мечката, волкот, лисицата, дивата свиње во националниот парк Пелистер кои се резултатите од мониторинг активностите спроведени преку имплементација на проектот за подобро управување со природните ресурси во Националниот парк Пелистер, вклучувајќи одржливо користење на ресурсите . Сретства за овој проект се обезбедени од УНДП;

ii. Изработувавме физибилити студии за инфраструктурни проекти за подобар и побрз рурален развој на општините Илинден, Ресен, Кисела Вода, Кривогаштани, Демир Хисар и Гази Баба. Изградбата на инфраструктурните објекти е предвидена со сретства обезбедени од Министерството за финансии на РМ, преку МСИП 2 проектот од Светска Банка;

iii. Со претставници од граѓанскиот сектор, бизнис секторот и општините од Полошкиот Плански Регион организиравме студиска посета на Локални Акциски Групи во Гранада – Шпанија каде присуствуваа и нашите проектни партнери ASAJAод Шпанија и LAGUNAод Хрватска. Ни се приклучија и претставниците од Насочувачкиот комитет по проектот БИЛДЛАГ од Министерствоо за земјоделство, шумарство и водостопанство и од Факултетот за земјоделски науки и храна. Овој проект е финансиран преку ЦФЦД со сретства од Европска Унија;

iv. За развој на рурален туризам преку проектот FRET-STIC со партнерите од Косово и општина Тетово на заедничка средба на Попова Шапка го разменивме знаењето и ги детектиравме можностите за понатамошен развој и соработка во областа на туризмот. Сретства за овој проект се обезбедени од Европска Унија за прекугранична соработка помеѓу Косово и Македонија.

v. За да дознаеме повеќе околу можноста за користење на софтверски решењиа за подобрување на енергетска ефикасност во секторот болници, заедно со претставниците од Министерство за здравство организиравме патување и учество на технички семинар на тема „Симулација на енергијата на зградите“ во Софија. Оваа активност се спроведе во рамки на Interreg Balkan Mediterranean програмата со сретства обезбедени од Европската Унија.

И во овој билтен, подетално ве информираме за тековните проекти, новини, настани на кои учествувавме и соработка и партнерства кои ги склучивме. Ви благодариме на сите кои континуирано не поддржувате и соработувате со нас!

Ве покануваме да го прочитате најновиот број на нашиот Е-билтен и да ни се придружите во креирањето на идни нови, интересни и корисни активности за одржлив развој.

## *ЦеПроСАРД во заштита на биодиверзитетот*

## Проект за подобро управување со природните ресурси во националниот парк „Пелистер“





На 05 и 06 декември 2018 година, во рамки на активностите на Проектот за подобро управување со природните ресурси во националниот парк „Пелистер“, во хотелот Капри во Битола, ЦеПроСАРД организираше обука за мониторинг на кафеава мечка (Ursus arctos), рис (Lynx lynx) и волк (Canis lupus) за вработените во НП Пелистер. На обуката, која е дел од пакетот активности за мониторинг на крупни месојади, и претходеше набавка и инсталација на 10 камери (фото-замки) и друга компјутерска опрема. Обуката покрај теоретски предавања и презентации, содржеше и едукација на самите локациите во паркот на кои се поставени камерите.

Овој проект е дел од Програмата за подобување на управувањето со заштитените подрачја, финансирана од Европската унија, а ја спроведува УНДП со поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

## Изработка на физибилити студии за финансирање на инфраструктурни проекти финансирани од Меѓународната банка за инвестиции и развој (Светска банка)

Во последните месеци на 2018година, успешно ги завршивме физибилити студии за изградба на инфраструктурни проекти и набавка на опрема и возила за зајакнување на капацитетите на Јавните Комунални Претпријатија - ЈКП Работевме за општините: општина Илинден, Ресен, Кисела Вода, Кривогаштани, Демир Хисар и општина Гази Баба. Во општина Илинден, целта беше изработка на документ за оправданоста на проектот „Реконструкција на локален пат Кадино кој е врска со автопатот А4 во Општина Илинден". За општина Ресен, го изработивме документот за оправданоста на проектот за реконструкција на три улици во градот Ресен, во општина Ресен. Во делот на реконструкција на локални улици работевме и за потребите на општина Кисела Вода . Во оваа општина работевме на проектот каде беше предвидена реконструкција на делот од улица Саса 6 во населба Пинтија и крак на улица Јабланица. Во општина Кривогаштани општата цел на Проектот беше да се подобри нивото на осветлување во Општина Кривогаштани, а истовремено да се постигне финансиска ефикасност за уличното осветлување и одржување. Во тој поглед, проектот претпоставуваше подобрување и надградба на локалното улично осветлување во две насоки: замена на постоечки светилки со поставување на енергетски ефикасни LED светилки и зголемување на бројот на светлосни единици во општината.

Во општина Демир Хисар со проектот беше предвидена набавка на четри возила – минибуси за вршење на превоз на ученици во училиштата кои се во надлежност на општина Демир Хисар. Врз основа на договор за извршување на работи од јавен интерес за вршење на превоз на ученици, со минибусите ќе биде задолжено Јавното Комунално Претпријатие (ЈКП) „Комуналец” од општина Демир Хисар.

Преку кредитно задолжување од МСИП 2 програмата, општина Гази Баба побара сретства за: изградба на вакуумска примарна и секундарна фекална канализација за сливно подрачје – зона 2 – гранка 4; набавка и монтажа на мониторинг систем за вакуумска мрежа за зона 2; изградба на препумпна станица; финализирање на вакуумска станица со набавка и монтажа на опрема и изградба, набавка и монтажа на опрема за пречистителна станица со еден модуларен реактор МББР за 1500 еквивалент жители - ЕЖ.



Имплементацијата на овие проекти како што се реконструкцијата на локални улица со изградба на атмосферска канализација, промена на енергетски неефикасните улични светилкин со ЛЕД светилки, набавка на минибуси за потребите на општините како и изградба на фекална канализација за руралните населени места ќе претставува придонес кон развојот на локалитетот, локалната економија и спроведувањето на плански документи во општините. Овие независни проекти ќе се финансираат со заем од Меѓународната банка за инвестиции и развој (Светска банка), преку МСИП **2** проектот за подобрување на општинските услуги.

Телефон
+389 2 3061 391

Е-маил
info@ceprosard.org.mk

Адреса
Ул "1550" Бр 8а

## Проект Градење на капацитети за одржлив развој на Локалните Акциски Групи - ЛАГ во процесите на интеграција во ЕУ - "БИЛДЛАГ"



Од 20 до 23 Ноември, 9 учесници од Македонија, заедно со проектните партнери од ЛАГ Уна, Хрватска оствариja студиска посета во Гранада, Шпанија во рамки на проектот - Градење на капацитети за одржлив развој на Локалните Акциски Групи - ЛАГ во процесите на интеграција во ЕУ. Во текот на студиската посета, проектните партнери ASAJA од Шпанија, не воведоа во начинот на функционирање на локалните акциски групи во регионот и предизвиците со кои тие се соочуваат. Учесниците имаа состанок со претставник на Регионалното министерство за Земјоделство и рурален развој кој е одговорен орган за функционирањето на локалните акциски групи во регионот. Исто така, групата имаше состаноци со претседателите на повеќе локални акциски групи во регионот - ЛАГ ALTIPLANO (База, Гранада); ЛАГ COMARCA DE GUADIX (Гуадикс, Гранада) и ЛАГ Lecrin - Temple-Costa каде заедно дискутираа околу начинот на фукнционирањето на локалните акциски групи и имплементацијата на ЛИДЕР пристапот. Во рамки на студиската посета, групата направи теренски посети на повеќе локални бизниси со цел директно да ја согледа и разбере важноста од соработката помеѓу локалните акциски групи и приватниот сектор и нејзините придобивки.









*Развој на рурален туризам*

## Проект Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри - "FRET-STIC"

Во изминатиот период продолживме со активности за развој и промоција на локалниот и регионалниот туризам преку иновативни пристапи и системи за подобрување на руралното и еколошкото искуство, преку проектот „Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички центри FRET STIC". Во октомври, во хотелот „Скрадус" на Попова Шапка во рамки на проектот се одржа првиот консултативен состанок со чинителите на кој проектот беше претставен со презентации од трите проектни партнери „ЦеПроСАРД" од Скопје, „RDA-South" од Призрен и Општина Тетово. Истиот ден, во вториот дел, се одржа и првиот состанок на Насочувачкиот Комитет. Во ноември, во Призрен со нашите партнери „RDA-South"од Призрен, одржавме средба за избор на најповолен понудувач за изведба на објектот за STIC од косовска страна, што е дел од планираните активности во проектот за креирање на стратешки алатки кои ќе овозможат подобро разбирање на барањата на посетителите, истовремено служејќи како механизми за зајакната меѓурегионална соработка.



Претставници од ЦеПроСАРД и нашите партнери учествуваа на третата работилница за добитници на грантови од IPA II програмата за прекугранична соработка со Косово, што се одржа во Приштина од 10-12 декември 2018. Проектот "Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри / FRET-STIC" е поддржан од Европската Унија, со времетраење од 24 месеци започна на 15 мај 2018 година. Проектот се спроведува во рамките на ИПА Програмата за меѓугранична соработка помеѓу Македонија и Косово.



Телефон
+389 2 3061 391

Е-маил
info@ceprosard.org.mk

Адреса
Ул "1550" Бр 8а

## *Енергетска ефикасност на болници*

## Проект Болници на Балканот со енергија близу нула

Во периодот од октомври до крајот на месец декември 2018 година, проектниот тим започна со изработка на База на податоци со основни информации за енергетските карактеристики на објектите – јавните болници. Оваа база на податоци се изготвува во соработка со Единицата за имплементација на проектите за реконструкција и изградба на здравствените установи при Министерството за здравство и ќе биде еден од првите документи кои ќе помогнат да се детектира состојбата со енергетската ефикасност на болниците во Македонија. Експертите во областа на енергетската ефикасност, вклучени во проектот, ќе ги разменат информациите поврзани со наодите од ревизијата на енергетската ефикасност на болници направени во 5-те земји партнери во проектот, и ќе предложат мерки за подобрување на енергетската ефикасност на болниците.

Заедно со претставниците од Министерство за здравство заеднички учествувавме на технички семинар „Симулација на енергијата на зградите“ од 13.11.2018 до 14.11.2018 во Софија, Бугарија. На учесниците на техничкиот семинар им беше претставен техничкиот концепт на згради со енергија близу до нула, а потоа учесниците беа запознаени со различни софтвери за симулација на градбите, влијанието на осветлувањето, како и проценка на животната средина, придружено со влијание на финансиските параметри во зависност од преземените акции. .

На 15.11.2018 во Софија, Бугарија се одржа третиот состанок на проектниот тим. На состанокот раководството на проектот го прегледа и координира спроведувањето на предвидените проектни активности. Болничките згради се комплексни објекти, градени пред повеќе децении, пред да се воведат барањата за енергетски ефикасни објекти и многу често од аспект на енергетската ефикасност се недоодветно изградени. Идните активности на проектот ќе бидат насочени кон предлог мерки и стандарди кои ќе треба да се спроведат за да подобри енергетската ефикасност на болниците за да потрошувачката на енергија што е можно повеќе се доближи до нула. Предноста на решението што ќе го даде проектот е во тоа што истото ќе биде применливо и за друг вид на згради.









## *Прослава на 10 годишнина на ЦеПроСАРД*

На 26.12.2018 сите вработени во ЗГ ЦеПроСАРД, заедно со активните членови на Собранието и соработниците го прославија 10-тиот роденден на ЦеПроСАРД со желби за идна уште поуспешна работа и меѓусебна соработка.










## Соработнка на ЦеПроСАРД со Скопскиот Плански Регион и Планинарско Друштво Тетекс

Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој – ЦеПроСАРД гради мостови на соработка со институциите и граѓанските организации.

На 22.10.2018година во името на ЗГ ЦеПроСАРД, извршниот директор Светлана Петровска, потпиша меморандум за соработка со Центарот за развој на Скопскиот Плански Регион. Меморандум за соработка беше потпишан и на 19.12.2018 година и помеѓу ЦепроСАРД и Планинарскиот Клуб Тетекс од Тетово.



Телефон
+389 2 3061 391

Е-маил
info@ceprosard.org.mk

Адреса
Ул "1550" Бр 8а